ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

јануари – јуни 2013 година

за потрошувачката на лекови на рецепт на товар на ФЗОМ во примарната здравствена заштита

Скопје, Октомври 2013 година

Доставено до:
Архива
Директорот на ФЗОМ

Содржина

1. ВОВЕД....2

2. ПОТРОШУВАЧКАТА НА ЛЕКОВИ НА РЕЦЕПТ НА ТОВАР НА ФЗОМ ВО ПРИМАРНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА....2

2.1 Потрошувачка на лекови по број на рецепти....4

2.2 Потрошувачка на лекови по износи....5

2.3 Потрошувачка на лекови по ФЗО-Подрачни служби....6

2.4 Топ 10 најпотрошувани лекови по број на рецепти....9

2.5 Топ 10 најпотрошувани лекови вкупни износи....12

2.6 Потрошувачка на скапи лекови....14

2.7 Потрошувачка на лекови со ослободување од партиципација....15

2.7.1. Потрошувачка на лекови за осигуреници со трансплантирани органи....15

2.7.2. Потрошувачка на лекови за деца со посебни потреби....16

3. РАЦИОНАЛНА УПОТРЕБА НА ЛЕКОВИ....17

3.1 Потрошувачка на лекови по АТЦ прво ниво според просечните месечни вредности на ДДД/1000 осигуреници/ден....18

3.2 Потрошувачка на лекови од АТЦ групата J01 - антибактериски средства за системска употреба (антибиотици)....19

3.3 Потрошувачка на лекови од АТЦ групата N05B - анксиолитици....21

4. ЗАКЛУЧОЦИ....22

1. ВОВЕД

Во Законот за здравствено осигурување на Македонија во членот 9 се наведени основните здравствени услуги кои ги обезбедува Фондот за здравствено осигурување на Македонија во кои спаѓаат и лековите од Листата на лекови, за примарна и болничка здравствена заштита.

Лековите од Листата на лекови за примарна здравствена заштита кои се издаваат на рецепт за осигурениците се обезбедуваат преку ПЗУ аптеките со кои Фондот има склучен договор. Аптеките кои имаат склучен договор со Фондот до надлежната Подрачна служба на Фондот месечно доставуваат фактури за издадените лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот, во писмена и електронска форма, заедно со пропратна документација согласно Договорот и Техничкото упатство на Фондот за аптеките.

Податоците за издадени лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во аптеките во примарна здравствена заштита се добиени од Подрачните служби на Фондот преку информатичкиот систем на Фондот.

Процесот на анализа на податоците за потрошувачката на лековите на товар на ФЗОМ во примарна здравствена заштита започна во 2009 година и во следниот период продолжи со поголем интензитет со цел за унапредување на системот на обезбедување лекови за сите осигуреници, примената на законските прописи и ефикасна алокација на финансиските ресурси.

2. ПОТРОШУВАЧКАТА НА ЛЕКОВИ НА РЕЦЕПТ НА ТОВАР НА ФЗОМ ВО ПРИМАРНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Во првата половина на 2013 година обезбедувањето на осигурениците со лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во примарна здравствена заштита се вршеше преку 705 аптеки – организациони единици.

На снабдувањето на осигурениците со лекови на рецепт на товар на Фондот влијаат повеќе фактори како распределбата на финансиските лимити за аптеките (квотите), референтните цени на лековите, бројот на лекови кои се издаваат надвор од квотите на аптеките, како и пропишувачките навики на лекарите и структурата на населението.

Овој извештај е изготвен врз основа на податоци добиени од информатичкиот сиситем на ФЗОМ на ден 02.09.2013 година.

За овој период вкупно се реализирани **8.845.368 рецепти** со вкупен износ од **1.050.084.772 денари**. Во Табела 1 даден е приказ на бројот на реализирани рецепти и вкупните износи за лекови издадени во ПЗУ аптеки кои имаат договор со Фондот за периодот 2011-2013 година, од каде може да се забележи континуираниот раст на употребата на лекови во првите половини во последните три години.

Табела 1. Број на реализирани рецепти и исплатени износи по години, за првите половини од 2011-2013 година

	2011	2012	2013	Индекс 2011/2012	Индекс 2012/2013	Индекс 2011/2013
Број на рецепти	8.225.263	8.729.021	8.845.368	1,06	1,01	1,08
Вкупен износ (денари со 5% ДДВ)	976.067.395	995.000.541	1.050.084.772	1,02	1,06	1,08

Во првата половина од 2013 година индексот на пораст изнесува 1,01 во однос на бројот на реализирани рецепти, а во однос на износите кои ФЗОМ ги издвојува за лекови на рецепт индексот на пораст е 1,06 во споредба со 2012 година, додека во споредба со 2011 година индексот на пораст е 1,08 во однос на бројот на реализирани рецепти и издвоени средства за лекови на товар на ФЗОМ.

Во Табелата 2 даден е приказ на полугодишната потрошувачка на лекови на рецепт за периодот 2011-2013 година за лековите според АТЦ класификација на прво ниво.

Табела 2. Потрошувачка на лекови по АТЦ групи за периоот јануари-јуни, 2011-2013 година

АТЦ група на лекови		2011 (јануари-јуни)	2012 (јануари-јуни)	2013 (јануари-јуни)	Разлика изразена во % 2012/2011	Разлика изразена во % 2013/2012	Разлика изразена во % 2013/2011
A Лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот	Број на рецепти	988.778	1.069.593	1.104.370	8,17	3,25	11,69
	Вкупен износ	85.665.530	88.411.958	96.490.758	3,21	9,14	12,64
B Лекови кои делуваат на крвта и крвотворните органи	Број на рецепти	80.655	88.956	96.004	10,29	7,92	19,03
	Вкупен износ	7.711.596	8.068.021	8.542.451	4,62	5,88	10,77
C Лекови кои делуваат на срце и крвни садови	Број на рецепти	3.374.446	3.664.329	3.844.530	8,59	4,92	13,93
	Вкупен износ	240.930.529	260.228.322	281.687.357	8,01	8,25	16,92
D Дерамтолошки лекови	Број на рецепти	83.085	93.803	97.692	12,90	4,15	17,58
	Вкупен износ	9.198.976	10.496.562	10.529.115	14,11	0,31	14,46
G Лекови кои делуваат на генитоуринарен тракт и полови хормони	Број на рецепти	238.029	251.525	265.962	5,67	5,74	11,74
	Вкупен износ	77.006.152	63.318.238	71.131.503	-17,78	12,34	-7,63
H Лекови со дејство на жлездите со внатрешно лачење со исклучок на полови хормони и инсулин	Број на рецепти	109.837	113.917	123.932	3,71	8,79	12,83
	Вкупен износ	15.597.534	13.580.093	14.764.903	-12,93	8,72	-5,34
J Антиинфективни лекови за системска употреба	Број на рецепти	1.094.347	1.027.835	922.987	-6,08	-10,20	-15,66
	Вкупен износ	200.564.138	187.531.278	163.596.857	-6,50	-12,76	-18,43
L Антинеопластични и имуномодулаторни лекови	Број на рецепти	25.868	26.085	27.755	0,84	6,40	7,29
	Вкупен износ	23.015.924	16.345.132	19.128.561	-28,98	17,03	-16,89
M Лекови со дејство на коскено мускулен систем	Број на рецепти	466.963	478.093	467.587	2,38	-2,20	0,13
	Вкупен износ	41.910.414	44.836.697	46.254.772	6,98	3,16	10,37
N Лекови со дејство на ЦНС	Број на рецепти	1.209.005	1.322.523	1.260.485	9,39	-4,69	4,26


	Вкупен износ	140.467.922	163.076.791	177.371.960	16,10	8,77	26,27
P Лекови за лекување на инфекции предизвикани со паразити	Број на рецепти	14.805	14.345	13.441	-3,11	-6,30	-9,21
	Вкупен износ	1.291.183	1.190.468	1.093.249	-7,80	-8,17	-15,33
R Лекови за третман на болести на респираторен систем	Број на рецепти	406.320	434.293	459.001	6,88	5,69	12,97
	Вкупен износ	110.281.847	114.068.521	132.021.727	3,43	15,74	19,71
S Лекови кои делуваат на сензорни органи	Број на рецепти	133.125	143.724	161.319	7,96	12,24	21,18
	Вкупен износ	22.425.651	23.848.461	27.398.611	6,34	14,89	22,18
V Останато	Број на рецепти	/	/	303	/	/	/
	Вкупен износ	/	/	72.947	/	/	/
Вкупно рецепти		8.225.263	8.729.021	8.845.368			
Вкупен износ (денари со 5% ДДВ)		976.067.395	995.000.541	1.050.084.772			

2.1 Потрошувачка на лекови по број на рецепти

Од Табелата 2 во однос на бројот на реализирани рецепти за лекови на товар на ФЗОМ може да се забележи дека има тренд на пораст за најголемиот број на АТЦ групи на лекови. Така, во првата половина од 2013 година вкупното зголемување на бројот на реализирани рецепти изнесува околу 1,3% во споредба со истиот период од 2012 година, а 7,5% во однос на првата половина од 2011 година. Во 2013 година има намалување во бројот на реализирани рецепти за лекови од АТЦ групите J, M, N и P во однос на 2012 година, а во однос на 2011 година намалување на бројот на реализирани рецепти се забележува кај АТЦ групата J и АТЦ групата P. Особено е карактеристично континуираното намалување на потрошувачката на групата на антиинфективни лекови за системска употреба (АТЦ J група) и лековите за лекување на инфекции предизвикани со паразити (АТЦ P група).

Најголемо намалување во потрошувачката на лекови за анализираниот период се забележува кај АТЦ групата J (антиинфективни лекови за системска употреба) за кои намалувањето во бројот на реализирани рецепти изнесува 15,6%, кај АТЦ групата P намалувањето изнесува 9,2% (2013/2011година). Ова намалување се должи и на контролните механизми на Фондот и договорните одредби за матичните лекари за рационално пропишување на лекови со кои од 2013 година е променет износот и пресметката за целите на лекарите со посебен акцент на лековите антибиотици (АТЦ подгрупа J01) и анксиолитици (АТЦ подгрупа N05B).

Графикон 1. Споредба на потрошувачката на лекови по АТЦ групи во однос на вкупната потрошувачка по број на рецепти (во проценти) за период јануари-јуни 2011-2013 година



Во последните три години, од 2011 до 2013 година, прва група по потрошувачката на лекови по број на реализирани рецепти е АТЦ групата С – лекови за кардиоваскуларниот систем. На оваа група на лекови во 2011 година отпаѓа околу 41% од вкупниот број на реализирани рецепти, во 2012 година тој процент расте за 1% и достигнува околу 42%, за да понатаму во првата половина од 2013 година реализацијата на бројот на рецепти за лекови за КВЗ (кардиоваскуларни заболувања) опфаќа околу 43,5% од вкупно реализираните рецепти.

Втори најмногу трошени лекови по бројот на реализирани рецепти се лековите со дејство на централниот нервен систем со мали варијации во процентот на реализирани рецепти во однос на вкупниот број на рецепти. Така, во првата половина од 2012 година се бележи мало покачување од 0,5% во однос на истиот период од 2011 година, а во 2013 година повторно тој процент се намалува за 0,9% во однос на 2012 година.


На трето место според потрошувачката на лекови по бројот на реализирани рецепти за период од јануари до јуни 2013 година, се лековите од АТЦ групата А - лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот и истите имаат континуиран мал пораст во последните три години. Во првата половина од 2013 година потрошувачката на оваа група на лекови е поголема за 0,48% во однос на 2011 година, истиот период.

Трендот на намалување на потрошувачката на J групата - антиинфективни лекови за системска употреба продолжува и во првата половина на 2013 година во која од вкупниот број на реализирани рецепти 10,4% отпаѓаат на оваа група на лекови, во однос на истиот период од 2012 година има намалување на процентот за 1,34, а во однос на 2011 година има намалување за 2,9% (Графикон 1).

2.2 Потрошувачка на лекови по износи

Во однос на средствата кои ФЗОМ ги издвојува за лекови во ПЗЗ, од Табелата 2 исто така може да се забележи дека вкупната потрошувачка од година во година се зголемува и во првата половина од 2013 година зголемувањето на издвоените средства изнесува околу 5,5% во однос на истиот период во 2012 година, а околу 7,6% е зголемен во однос на првата половина од 2011 година. Анализата на издвоените износи за лекови, по АТЦ групи, за 2013 година покажува дека во најголемиот дел потрошувачката на лекови во однос на 2012 година се зголемува освен кај АТЦ групите J и P кај кои има намалување на износите за околу 12,7% и 8,1% соодветно. Се забележува дека во првото полугодие од 2013 година во однос на 2011 година има намалување на потрошените средства за лековите од АТЦ групите G, H, J, L и P.

Графикон 2. Приказ на споредбата на потрошувачката на лекови по АТЦ групи во однос на вкупната потрошувачка по износи изразена во проценти за период јануари-јуни 2011-2013 година



Најголемо намалување во потрошувачката на лекови за анализираниот период се забележува кај АТЦ групата J за кои намалувањето изнесува 18,4%, кај АТЦ групата L намалувањето изнесува 16,8% и кај АТЦ групата P намалувањето изнесува 15,3% (2013/2011година).

Во однос на финансиските средства издвоени за лекови, најмногу средства Фондот издвојува за АТЦ групата С- лекови за кардиоваскуларниот систем. Изразено во проценти во првата половина од 2013 година издвоени се околу 26,8% од вкупниот износ издвоен за лекови на рецепт, што претставува пораст од околу 0,7% во однос на истиот период 2012 година и пораст од околу 2% во однос на првата половина од 2011 година.

На второ место по средствата издвоени за лекови на рецепт се лековите од групата N, односно групата на лекови за ЦНС. Процентот на средствата издвоени за лекови од групата N во вкупните средства издвоени за лекови изнесува околу 16,9% и истиот бележи континуиран раст во текот на годините.

АТЦ групата J, антиинфективни лекови за системска употреба се наоѓаат на трето место по процент на издвоени средства во однос на вкупните средства издвоени за лекови во првата половина од 2013 година и изнесува околу 15,5%. Во однос на 2012 година истиот период има намалување за околу 3,2% и околу 5% намалување во однос на 2011 година (Графикон 2).

2.3 Потрошувачка на лекови по ФЗО-Подрачни служби

Направена е анализа на потрошувачката на лекови на товар на ФЗОМ по Подрачни служби. Од Табелата 3 се гледа дека најголем број на рецепти се реализирани на територијата на Подрачна служба Скопје со вкупно 2.809.781 рецепти, што изнесува околу 31,8% од вкупно реализираните рецепти за првата половина на 2013 година

Втора Подрачна служба по реализирани рецепти е Тетово во која се реализирани вкупно 551.818 (6,2%) рецепти а во Подрачна служба Битола се реализирани вкупно 545.885 (6,17%) рецепти за лекови на товар на ФЗОМ во 2012 година.

Најмал број на рецепти се реализирале во Подрачна служба Крушево, вкупно 23.889 рецепти односно само 0,27% од вкупно реализираните рецепти за 2013 година.

Табела 3. Потрошувачка на лекови во ПЗЗ по Подрачни служби на ФЗОМ, 2012 година

Реден број	ФЗО Подрачна служба	Вкупен број на рецепти	Вкупен број на пакувања	ДДД/ 1000/ден осигуреници	Вкупен износ (денари)	Партиципација	Просечен број на осигуреници (1-6,2013)	Просечен број на рецепти по осигуреник	Просечен износ на лекови на рецепт по осигуреник
01	БЕРОВО	122.123	121.994	836	11.746.401,50	1.748.250	14.815	**8,23**	**792,88**
02	БИТОЛА	545.885	545.677	562	58.299.730,34	8.674.805	91.991	5,93	633,75
03	БРОД	29.720	29.614	399	2.850.273,52	434.855	7.147	4,14	398,83
04	ВАЛАНДОВО	54.391	54.376	549	5.800.064,81	858.060	9.635	5,64	601,98
05	ВЕЛЕС	343.689	342.977	623	38.312.801,17	5.655.480	53.860	6,37	711,34
06	ВИНИЦА	90.037	89.922	654	9.484.364,80	1.432.430	14.863	6,05	638,12
07	ГЕВГЕЛИЈА	194.024	193.779	671	19.806.343,98	2.967.300	29.208	6,63	678,12
08	ГОСТИВАР	284.352	283.866	378	35.336.547,28	5.333.555	74.280	3,82	475,72
09	ДЕБАР	90.311	89.759	464	10.991.317,08	1.619.635	17.725	5,06	620,10
10	ДЕЛЧЕВО	141.978	141.824	680	14.231.742,87	2.139.075	19.955	**7,11**	713,20
11	ДЕМИР ХИСАР	41.960	41.924	594	3.795.418,92	575.075	6.888	6,09	551,03
12	КАВАДАРЦИ	222.705	222.401	646	28.678.034,61	4.288.815	38.068	5,84	**753,34**
13	КИЧЕВО	248.412	248.319	683	26.388.702,71	3.991.595	36.977	**6,72**	713,65
14	КОЧАНИ	212.003	211.906	612	23.337.533,91	3.500.125	37.054	5,72	629,83
15	КРАТОВО	39.126	39.092	589	4.288.233,48	644.480	6.775	5,77	632,97
16	КРИВА ПАЛАНКА	95.170	95.064	518	10.984.016,85	1.654.370	17.902	5,31	613,56
17	КРУШЕВО	23.889	23.865	300	2.899.977,78	430.230	8.134	**2,93**	**356,51**
18	КУМАНОВО	501.187	500.857	452	62.621.894,00	9.464.810	107.618	4,65	581,89
19	НЕГОТИНО	121.828	121.791	712	10.951.740,18	1.628.730	18.414	6,61	594,77
20	ОХРИД	313.136	312.833	623	38.183.256,85	5.644.797	52.346	5,98	729,44
21	ПРИЛЕП	481.362	481.262	626	56.177.972,91	8.252.450	81.055	5,94	693,09
22	ПРОБИШТИП	76.785	76.643	636	7.682.403,00	1.167.415	11.902	6,44	645,48
23	РАДОВИШ	108.675	108.190	443	12.253.198,11	1.869.085	25.340	4,27	483,55
24	РЕСЕН	91.727	91.695	650	10.153.546,59	1.514.020	13.796	6,65	**736,00**
25	СВЕТИ НИКОЛЕ	66.074	65.984	407	7.997.440,89	1.201.325	16.242	4,06	492,39
26	СКОПЈЕ	2.809.781	2.806.648	477	360.817.494,14	52.240.620	582.004	4,82	619,96
27	СТРУГА	245.217	245.080	510	29.757.466,64	4.457.131	46.351	5,29	642,00
28	СТРУМИЦА	439.647	439.475	590	49.222.142,16	7.300.024	79.284	5,54	620,83
29	ТЕТОВО	551.818	551.625	368	67.747.879,63	10.068.465	142.223	3,88	476,35
30	ШТИП	258.356	258.101	487	29.286.830,86	4.350.295	51.003	5,06	574,22
	Вкупно	**8.845.368**	**8.836.541**	**16.739**	**1.050.084.772**	**155.107.302**	**1.712.852**	**167**	**18.405**


Во однос на вкупните износи (со кои се опфатени референтната цена на лекот, услугата за аптеката, партиципација и ДДВ) најмногу средства за лекови се издвоени во ПС Скопје во која вкупниот износ за лекови изнесува 360.817.494 денари, во ПС Тетово издвоени се 67.747.879 денари или 6,45% од вкупниот износ на ниво на РМ. Во ФЗО Подрачната служба Куманово вкупниот износ е

62.621.894 денари со што оваа Подрачна служба се наоѓа на трето место по издвоените средства за лекови на рецепт. Најмалку средства за лекови се издвоени во Подрачна служба Македонски Брод каде се издвоени само 0,27% од вкупниот износ за лекови на товар на ФЗОМ.

Вкупниот износ на ниво на РМ потрошен за лекови намален за партиципацијата изнесува околу 894.977.470 денари.

Следење на потрошувачката на лекови по дневна дефинирана доза (ДДД) за лековите по генерика според интернационалната методологија на Светската здравствена организација се прави и по ФЗО Подрачни служби (Табела 3). Според добиените вредности за ДДД на 1000 осигуреници на ден, се констатира дека најголема потрошувачка на лекови според ДДД има во Подрачна служба Берово со вкупно 836 ДДД/1000 осигуреници/ден, на второ место е Подрачна служба Неготино со 712 ДДД/1000 осигуреници /ден, а на трето место Подрачната служба Кичево со 683 ДДД/1000 осигуреници/ден. Во Подрачна служба Крушево се искористени најмалку лекови бидејќи ДДД/1000 осигуреници/ден за оваа подрачна служба изнесува 300 единици (Графикон 3).


Графикон 3. Потрошувачка на лекови по ДДД/1000 осигуреници/ден по Подрачни служби, 2011-2013 година



Според бројот на реализирани рецепти по осигуреник по подрачни служби на Фондот (Графикон 4) се гледа дека најмногу рецепти по осигуреник се реализирани во Подрачна служба Берово со просечно 8,2 рецепти по осигуреник, во Подрачна служба Делчево се реализирани просечно по 7,1 рецепти по осигуреник, додека во Подрачна служба Кичево по осигуреник се реализирани просечно по 6,7 рецепти во анализираниот период. Најмал број на рецепти по осигуреник се реализирани во Подрачна служба Крушево.

На ниво на РМ во првата половина од 2013 година просечно се реализирани 5,16 рецепти по осигуреник.


Графикон 4. Просечен број на реализирани рецепти по осигуреник по Подрачна служба на ФЗОМ



Според анализата на вкупниот просечен износ (Графикон 5) издвоен по осигуреник по подрачни служби, најмногу средства за лекови на товар на ФЗОМ во ПЗЗ по осигуреник се потрошени во Подрачна служба Берово околу 792,8 денари по осигуреник, во Подрачна служба Кавадарци се издвоени околу 753,3 денари, а во Подрачна служба Ресен се издвоени околу 736 денари. Просечно најмалку средства по осигуреник за лекови од примарна здравствена заштита се издвоени во Подрачна служба Крушево каде просечниот износ издвоен за лекови е околу 356,5 денари по осигуреник.

На ниво на РМ просечно се издвоени околу 613 денари по осигуреник за лекови од ПЗЗ.

Графикон 5. Просечен износ во денари по осигуреник по Подрачна служба на ФЗОМ



2.4 Топ 10 најпотрошувани лекови по број на рецепти


Во првите десет најкористени лекови по генерика за првата половина на 2013 година се истите генерики како и за првата половина на 2012 година, со исклучок на лекот „bisoprolol“ кој се јавува сега во првите десет најпотрошувани лекови наместо генериката „alprazolam “ (Табела 4).

Табела 4. Топ 10 – најкористени лекови по АТЦ петто ниво во првата половина на 2013 година

Реден број	АТЦ код	Генеричко име-INN	Број на рецепти
1	C09AA02	Enalapril	824.390
2	C04AD03	Pentoxifylline	458.633
3	C09AA03	Lisinopril	413.100
4	N05BA01	Diazepam	381.357
5	A10BA02	Metformin	306.526
6	M01AB05	Diclofenac	262.664
7	C10AA05	Atorvastatin	252.848
8	A02BA02	Ranititdine	251.862
9	C07AB07	Bisoprolol	249.004
10	J01CR02	Amoxicillin +clavulanic acid	236.463
		Вкупно	**3.636.847**
		Удел во вкупната потрошувачка	**41,12%**

Најкористен лек по бројот на рецепти во првата половина на 2013 година е лекот со генеричко име „enalapril“ со вкупно 824.390 реализирани рецепти, што е за околу 1% помалку во однос на реализираните рецепти истиот период минатата година.

Графикон 6.Топ 10-најкористени лекови по генерика по број на рецепти, прва половина на 2013г.



Во табелата 5 подолу се прикажани првите десет лекови од Листата на лекови кои се на товар на ФЗОМ по потрошувачка по рецепти на ниво на Република Македонија и по ранг за секоја Подрачна служба на ФЗОМ поединечно. Се забележува дека во секоја Подрачна служба на ФЗОМ првите 10 најпотрошувани лекови се различни и не се потполно идентични со првите 10 најпотрошувани лекови на ниво на Република Македонија. Ова се должи на навиките на пропишување на лековите на рецепт од лекарите и на структурата на населението во определена ФЗО подрачна служба.


На прво место според потрошувачката во сите подрачни служби на Фондот, со исклучок на Подрачна служба Кратово, Кочани и Пробиштип, е лекот „enalapril“.

Табела 5. Топ 10 најпотрошувани лекови по број на рецепти, по ранг во ФЗО Подрачни служби, прва половина на 2013 година

ФЗО Подрачна Служба	**ENALAPRIL**	PENTOXIFYLLINE	LISINOPRIL	METFORMIN	DICLOFENAC	DIAZEPAM	RANITIDINE	HYDROCHLOROTHIAZIDE	BISOPROLOL	ALPRAZOLAM	ATORVASTATIN	AMOXICILLIN+CLAVULANIC ACID	GLIBENCLAMIDE	AMLODIPINE	BROMAZEPAM	VERAPAMIL	LOSARTAN	AMOXICILLIN	CARVEDILOL	LANSOPRAZOLE
Берово	**1**	3	5	8	7	2	4	6					9							
Битола	1	3	7	6	8	2	4			10					5	9				
М. Брод	1	2	5	4	6	3		7		9			8					10		
Валандово	1	3	2	8	6	4		9	5					10		7				
Виница	1	5	3	6	7	2		4		9			8				10			
Гевгелија	1	2	5		4	3	8	10	9	6									7	
Гостивар	1	6	3	4	5	8				2		10		9						7
Дебар	1	5		3	2	4		7	8	6		9								10
Делчево	1	5	6	4	3	2	7	10	9	8										
Демир Хисар	1	4	6	5	8	3	2	10							7	9				
Кавадарци	1	2	3	5	9			7	10		6			8			4			
Кичево	1	2	6	5	8	3	7		9	4			10							
Кочани	2	3	1	4	8	5	9	6		7	10									
Кратово	2	4	1	5	8	3	6	7							9	10				
Крива Паланка	1	2	5	3	7	6		8	4			10		9						
Крушево	1	2	8	4	6		3		5		7		9				10			
Куманово	1	4	3	5	2	7				8	10	6							9	
Неготино	1	4	2	7	8	3	6	5		9				10						
Охрид	1	2	7	4		3	10	8	6		5	9								
Прилеп	1	2	6	9	8	3	4	5				10			7					
Пробиштип	2	5	1	9	6	3	4	8	7			10								
Радовиш	1	4	2	7	3	6	5		10		8							9		
Ресен	1	2	5	6	10	3	4	7	8				9							
Св.Николе	1	2	3	5	6		8	10	4		9		7							
Скопје	1	2	3	6		4		10	7		5	8		9						
Струга	1	9	10	4	6	5	2		7		8	3								
Струмица	1	7	3	6	5	2	4			8	10				9					
Тетово	1	2	6	7	3	4	10		9		8	5								
Велес	1	3	4	5	8	2	6	9					7							
Штип	1	7	3	8	5	2	6		4		10	9								

Но, доколку се анализира потрошувачката на овој лек според методата по ДДД (дневно дефинирани дози на лек)/осигуреник/ден, се покажуваат големи варијации помеѓу подрачните служби прикажани во Графиконот 7.

Графикон 7. Топ 10 - најкористени лекови по АТЦ петто ниво по ФЗО подрачни служби во првата половина на 2013 година (ДДД/осигуреник/ден)



Најголема потрошувачка на лекот „enalapril“ по ДДД/осигуреник/ден се забележува во Подрачна служба Берово со 0,2057 ДДД/осигуреник/ден, додека најмала во Подрачна служба Гостивар со 0,04 ДДД/осигуреник/ден. Во однос на истиот период од 2012 година се забележува зголемување на потрошувачката на овој лек во овие две Подрачни служби на Фондот.


2.5 Топ 10 најпотрошувани лекови вкупни износи

Табела 6. Топ 10- најкористени лекови по износи во првата половина на 2013 година по вкупен износ

Реден број	АТС код	Генеричко име-INN	Вкупен износ (денари со 5% ДДВ)
1	C10AA05	Atorvastatin	55.755.962,53
2	J01CR02	Amoxicillin+clavulanic acid	39.645.612,19
3	C04AD03	Pentoxifylline	36.965.373,97
4	G04CA02	Tamsulosin	33.351.364,59
5	R03BA05	Fluticasone	32.756.597,83
6	J01DD08	Cefixime	30.544.009,28
7	R03AK06	Salmeterol, fluticasone	30.218.970,55
8	C09CA01	Losartan	27.578.893,83
9	C09AA02	Enalapril	25.981.131,11
10	A10BA02	Metformin	23.984.496,36
		Вкупно	**336.782.412,24**
		Удел во вкупната потрошувачка	**32,07%**

Лек за кој што ФЗОМ во првата половина на 2013 година издвоил најголем износ на финансиски средства е лекот со генеричко име „atorvastatin" за кој се издвоени вкупно околу 55,7 милиони денари (Табела 6), што претставува 5,3% од вкупниот износ издвоен за лекови, што претставува намалување од околу 7 % во однос на истиот период од 2012 година. Овој лек спаѓа во групата на лекови кои го намалуваат нивото на серумски липиди (хиполипемици).

Графикон 8. Топ 10 - најкористени лекови по генерика (АТЦ петто ниво) во првата половина на 2013 година по вкупен износ (денари)



Гледано по генеричките имиња на лековите со нивните фармацевтски дозажни форми и јачини, обезбедени се 73% лекови без доплата за осигурените лица. Според заштитените имиња на лековите од различни производители со утврдена референтна цена од Фондот без доплата се обезбедени околу 43% од вкупниот број лекови кои можат да се подигнат на рецепт во ПЗУ аптеки кои имаат договор со Фондот.




Од вкупниот број на лекови кои можат да се подигнат на рецепт 85% се лекови кои немаат доплата или пак имаат доплата до 100 денари. Останатиот минимален дел од лековите се со доплата која во текот на последните три години е намалена со постапката на ФЗОМ за утврдување на референтни цени на лековите. И од лековите кои се со доплата Фондот секогаш внимава да има друг

лек со истиот состав кој е без доплата особено за поскапите лекови кои се користат за терапија на потешки и специфични болести.

Со анализа на потрошувачката на лекови без доплата во споредба со потрошувачката на лекови со доплата е утврдено дека во однос на бројот на реализирани рецепти на лековите без доплата отпаѓа околу 23% додека во однос на вкупниот износ издвоен за лекови без доплата отпаѓа околу 47% (Графикон 9).

Графикон 9. Процентуален приказ на потрошувачката на лекови со и без доплата во првата половина од 2013 година



ФЗОМ ги задолжи сите здравствени установи и работници да ги информираат осигурените лица на Фондот за можноста за подигање на лек на рецепт без доплата кој го обезбедил Фондот. Овие резултати покажуваат дека осигурениците не се доволно информирани за нивните права и можноста за избор на лек без доплата или пак веројатно од други причини се одлучуваат да подигнат лек на рецепт на товар на Фондот кој е со доплата.

2.6 Потрошувачка на скапи лекови

Во 2010 година донесена е Одлука за утврдување на скапи лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ, што се издаваат на рецепт во примарна здравствена заштита (ПЗЗ). Со склучување на договорите за 2010/2011 година со ПЗУ аптеките, се овозможи тие лекови да бидат фактурирани надвор од определениот месечен износ на ПЗУ аптеките (квотите) со што во интерес и на осигурениците се овозможи непречено снабдување со овие лекови. Здравствените установи-аптеките за рецептите за лековите опфатени со Одлука за утврдување на скапи лекови за секое осигурено лице треба секој месец да приложуваат копија од медицинската документација (извештај од специјалист/субспецијалист, односно клинички конзилиум, во зависност од режимот на пропишување предвиден во Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот). Во 2013 година, донесена е нова Одлука за утврдување на скапи лекови со важност од 01.2013 година во која се додаваат уште три лекови по генерики во скапите лекови (Mesalazin, Amilase + lipase + protease/pankreatin и Levetiracetam).

Вкупниот број на реализирани рецепти за лековите опфатени со Одлуката за утврдување на скапи лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ за периодот јануари-јуни 2013 година изнесува 15.769 рецепти за кои се издвоени вкупно 33.432.207 денари. Во однос на периодот јануари - јуни 2012 се забележува значителен пораст во бројот на реализирани рецепти за скапите лековите за

околу 77% и зголемување на вкупниот износ за околу 35%. Причина е воведувањето на нови лекови во групата на скапи лекови.

Во Табелата 7 е даден преглед на издадените лекови кои се опфатени со Одлуката за утврдување на скапи лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ. Потрошувачката за овие лекови е пресметана во вкупната потрошувачка за лекови на рецепт во првата половина од 2013 година, дадени во точка 2 од овој извештај.

Табела 7. Приказ на потрошувачката на скапи лекови во период јануари – јуни 2011-2013 година

Реден број	АТС ознака	Генеричко име	Број на рецепти јануари-јуни 2011	Вкупен износ (денари со 5% ДДВ) 2011	Број на рецепти јануари-јуни 2012	Вкупен износ (денари со 5% ДДВ) 2012	Број на рецепти јануари-јуни 2013	Вкупен износ (денари со 5% ДДВ) 2013
1	A07EC02	MESALAZINE					248	402.752
2	A09AA02	AMILASE +LIPASE + PROTEACE/PANKREATIN					7.688	3.983.363
3	H01BA02	DESMOPRESSIN	196	453.989	279	632.772	388	971.937
4	J05AB04	RIBAVIRIN	331	13.728.162	296	5.817.144	273	5.035.343
5	J05AF05	LAMIVUDINE			434	1.323.845	722	2.069.978
6	L04AA01	CICLOSPORIN	1.745	2.855.574	1.829	2.992.175	1.944	3.180.172
7	L04AA05	TACROLIMUS			27	255.420	275	2.057.481
8	L04AA06	MYCOPHENOLIC ACID	1.981	13.590.823	1.862	6.860.293	1.810	6.997.343
9	M05BA02	CLODRONIC ACID			148	1.130.425	170	1.248.333
10	N03AX14	LEVETIRACETAM					2.251	7.485.505
11	G03HA01	CYPROTERONE	3.559	8.228.812	4.046	5.752.200	/	/
		ВКУПНО	**7.812**	**38.857.360**	**8.921**	**24.764.275**	**15.769**	**33.432.207**
		Удел во вкупната потрошувачка	**0,09%**	**3,98%**	**0,10%**	**2,49%**	**0,18%**	**3,18%**

2.7 Потрошувачка на лекови со ослободување од партиципација

2.7.1. Потрошувачка на лекови за осигуреници со трансплантирани органи

Согласно Програмата за партиципација при користење на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата – трансплантација на органи во РМ за 2013 година, средствата за партиципација на осигурените лица со трансплантирани органи за набавка на лековите: Mycophenolic acid таблети 180 mg, 250mg, 360mg и 500mg како и Ciclosporin таблети 25mg, 50mg, 100mg и раствор 100mg/ml, треба да се обезбедуваат преку Буџетот на Република Македонија преку Министерството за здравство на РМ.

Во првата половина на 2013 година за горенаведените лекови обезбедени за осигурени лица со трансплантирани органи, пресметаните средства за партиципација се во износ од 844.380,00 денари (Табела 8).

Табела 8. Потрошувачка на лекови за лица ослободени од партиципација по основ дијагноза трансплантација на органи (МКБ-10, дијагноза Z94) според Програма на Влада на РМ

АТЦ	Генеричко име на лекот INN	Број на рецепти 2011	Вкупен износ (денари со 5% ДДВ) 2011	Пресметана партиципација 2011	Број на рецепти 2012	Вкупен износ (денари со 5% ДДВ) 2012	Пресметана партиципација 2012	Број на рецепти 2013	Вкупен износ (денари со 5% ДДВ) 2013	Пресметана партиципација 2013
L04AA01	Ciclosporin	1.334	1.924.265	235.650	1.536	2.301.289	307.090	1.686	2.555.090	345.460
L04AA06	Mycophenolic acid	1.741	12.125.632	889.200	1.796	6.647.587	553.680	1.789	6.906.616	498.920
	Вкупно	**3.075**	**14.049.897**	**1.124.850**	**3.332**	**8.948.876**	**860.770**	**3.475**	**9.461.706**	**844.380**
	Удел во вкупната потрошувачка	**0,04%**	**1,44%**		**0,04%**	**0,90%**		**0,04%**	**0,90%**	

Потрошувачката за овие лекови е пресметана во вкупната потрошувачка за лекови на рецепт во првата половина од 2013 година, дадени во точка 2 од овој извештај. Од износите на пресметана партиципација се гледа дека со регулирањето на референтните цени на лековите се намалува и партиципацијата за овие лекови од кои осигурениците и се ослободени по овој основ.

2.7.2. Потрошувачка на лекови за деца со посебни потреби

Согласно членот 34 од Законот за здравствено осигурување, од учество со лични средствата при користење на здравствени услуги и лекови ослободени се и децата со посебни потреби, според прописите за социјална заштита.

Во првата половина на 2013 година за осигурените лица –деца со посебни потреби, се реализирани околу 17.911 рецепти со вкупен износ од 8.252.020 денари. Пресметаните средства за партиципација се во износ од 1.127.765 денари што опфаќа 0,73 % од вкупната партиципација издвоена за лекови на товар на Фондот (Табела 9).

Табела 9. Потрошувачка на лекови со ослободување од партиципација според Законот за здравствено осигурувањ за деца со посебни потреби

	Број на рецепти	Вкупен износ (денари со 5% ДДВ)	Пресметана партиципација
Вкупно	17.911	8.251.912	1.127.765
Удел во вкупната потрошувачка	0,20%	0,79%	0,73%

Потрошувачката за овие лекови е пресметана во вкупната потрошувачка за лекови на рецепт во првата половина од 2013 година, дадени во точка 2 од овој извештај.

3. РАЦИОНАЛНА УПОТРЕБА НА ЛЕКОВИ

Рационална употреба на лекови подразбира воспоставување на систем кој овозможува пациентите да добиваат лекови, соодветни на нивните клинички потреби, во дози кои ги исполнуваат нивните индивидуални барања, за соодветен временски период и по најниска цена за нив и нивната заедница. На спроведувањето на рационалната употреба на лекови влијаат сите учесници во ланецот на лечење:

- Лакар, кој го пропишува лекот;
- Фармацевт, кој го издава лекот;
- Пациент, кој го користи лекот;
- Снабдувачите на лекови, производители, добавувачи, дистрибутери, здравствени власти.

Подобрување на информираноста при употребата на лекови од страна на здравствените работници и пошироката јавност е од клучно значење како за намалување на морбидитетот и морталитетот од заразни и незаразни болести, така и за намалување на трошоците за лекови.

Идеално би било кога рационалната и трошок-ефективната употреба на лекови од страна на здравствените работници и потрошувачи се постигнува на сите нивоа на здравствениот систем, во јавниот и приватниот сектор.

Со помош на АТЦ/ДДД методологијата на СЗО како фармацевтски индикатори за следење на потрошувачката на лекови, со примена на единствената класификација на лековите (Анатомско-Терапевтска-Хемиска класификација –АТЦ) и универзалната статистичка единица (Дневно Дефинирани Дози –ДДД), се овозможува споредување на употребата на лековите од повеќе аспекти.

Индикатори-критериуми за следење на потрошувачката се: Потрошувачка изразена во ДДД и Потрошувачка изразена како ДДД/1000 осигуреници (жители)/ден.

Индикатори за трошоци се:

- Трошоци за лекови во однос на вкупните трошоци за здравствена заштита;
- Трошоци за лекови по осигуреник;
- Трошоци по ДДД;
- Топ 10 лекови по потрошувачка до АТЦ петто ниво.

ФЗОМ од 2012 година почна да ја следи потрошувачката на лекови и по АТЦ /ДДД параметарот на ниво на подрачни служби, со што беа опфатени горенаведените индикатори за следење на потрошувачката и трошоците (Табела 3).

Од анализата може да се извлече податок за потрошувачката на лекови по:

- Број на рецепти;
- Број на пакувања на лекови;
- Вкупно единици ДДД;
- Вкупно единици ДДД/1000 осигуреници/ден;
- Анализа на потрошувачката на лекови по број на рецепти и вкупни износи на АТЦ прво
- ниво;
- Просечен број на реализирани рецепти по осигуреник по ПС;
- Просечен износ на лекови на рецепт по осигуреник по ПС;
- Топ 10 најпотрошувани лекови по број на реализирани рецепти, вкупни износи и ДДД
- на АТЦ петто ниво;


- Анализа на потрошувачката по број на рецепти, ДДД/1000 осигуреници/ден и вкупни износи за лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ по Подрачни служби.

Подолу се прикажани резултатите од анализа на потрошувачката на лекови според просечните месечни вредности за ДДД/1000 осигуреници/ден за првата половина од 2013 година.

3.1 Потрошувачка на лекови по АТЦ прво ниво според просечните месечни вредности на ДДД/1000 осигуреници/ден


Од направената анализа на потрошувачката, просечно месечно, најмногу се користат лекови од групата на лекови за кардиоваскуларни заболувања, лекови кои делуваат на ЦНС и лекови кои делуваат на дигестивнит тракт и метаболизам. Просечната месечна потрошувачка на антиинфективните лекови за системска употреба изнесува околу 93,6 единици ДДД/1000 осигуреници/ден со што оваа група на лекови се наоѓа на шесто место по просечно месечно искористени ДДД единици (Графикон 10).

Графикон 10. Просечна месечна потрошувачка на лекови на АТЦ прво ниво по ДДД/1000 осигуреници/ден (01-06.2013 година)



Од Графикон 11 може да се потврди дека потрошувачката на лекови по ДДД единици е најголема во Подрачните служби Берово, Неготино и Кичево, а најмалку лекови се трошат во Подрачна служба Крушево.


Графикон 11. Просечна месечна потрошувачка на лекови по ДДД/1000 осигуреници/ ден, по Подрачни служби (01-06.2013 година)



3.2 Потрошувачка на лекови од АТЦ групата J01 - антибактериски средства за системска употреба (антибиотици)

Направена е подетална анализа на потрошувачката на лекови од групата на J01 антибактериски средства за системска употреба според просечните месечни вредности на ДДД/1000 осигуреници/ден, за првата половина од 2013 година.

Графикон 12. Просечна месечна потрошувачка на Антибактерици за системска употреба на АТЦ II ниво, по ДДД/1000 осигуреници/ден по Подрачни служби (01-06.2013).




Просечно месечно најмногу антибактериски средства се потрошени во Подрачна служба Струга (околу 4,31 ДДД/1000 осигуреници/ден), Пробиштип (околу 3,96 ДДД/1000 осигуреници/ден) и Ресен (околу 3,95 ДДД/1000 осигуреници/ден). Најмалку антибактериски

средства се потрошени во Подрачна служба Крушево, околу 1,58 единици ДДД на 1000 осигуреници на ден (Графикон 12).

Од анализата може да се забележи дека најголем број на единици ДДД/1000 осигуреници/ден се потрошени за J01C бета лактамските антибиотици (просечно месечно околу 43,93 единици на ниво на РМ). За лековите од АТЦ групата J01D потрошени се просечно месечно околу 20,63 ДДД единици на 1000 осигуреници на ден, на ниво на РМ.

Најмногу бета лактамски антибиотици за првата половина на 2013 година просечно месечно се потрошени во Подрачна служба Струга со околу 2,42 ДДД/1000 осигуреници/ден, во Подрачна служба Пробиштип се потрошени околу 2,04 единици ДДД на 1000 осигуреници на ден, а во Ресен се потрошени околу 1,86 ДДД/1000 осигуреници/ден (Графикон 13).

Графикон 13. Просечна месечна потрошувачка на антибактерици за системска употреба на АТЦ III ниво, по ДДД/1000 осигуреници/ден по Подрачни служби 01-06.2013



Од направената анализа на антибактериските средства за системска употреба на АТЦ петто ниво, најголема потрошувачка се бележи кај лекот со АТЦ код J01CR02 и генеричко име *Amoxicillin+clavullanic acid* чија просечна месечна потрошувачка во првата половина од 2013 година изнесува околу 27,6 ДДД/1000 осигуреници/ден, при што најголема потрошувачка е забележана во ПС Струга каде што се потрошени просечно околу 1,7 ДДД единици.

Во првата половина од 2013 година, просечно месечно најмалку се потрошени антибактериски средства од групата на Тетрациклини со просечна потрошувачка од 0,36 ДДД единици на 1000 осигуреници на ден.

3.3 Потрошувачка на лекови од АТЦ групата N05B - анксиолитици


Подетална анализа на потрошувачката на лекови е направена и за АТЦ групата N05B анксиолитици според просечните месечни вредности на ДДД/1000 осигуреници/ден за првата половина од 2013 година.

Просечно месечно најмногу анксиолитици се потрошени во Подрачна служба Неготино (околу 8,3 ДДД/1000 осигуреници/ден), Пробиштип (околу 8,1 ДДД/1000 осигуреници/ден) и Берово (околу 7,8 ДДД/1000 осигуреници/ден). Најмалку анксиолитици се потрошени во Подрачна служба Крушево, околу 0,75 единици ДДД на 1000 осигуреници на ден.

Од анализата може да се забележи дека најголем број на единици ДДД/1000 осигуреници/ден се потрошени за лекот со генеричко име Diazepam (просечно месечно околу 87,5 единици на ниво на РМ). За лекот со генеричко име Alprazolam просечно месечно се потрошени околу 48 единици а за лекот Bromazepam околу 22,5 единици просечно месечно.

Најголем број на ДДД единици од лекот Diazepam биле издадени во аптеките кои имаат склучено договор со ФЗОМ на територија на Подрачна служба Пробиштип, генеричкиот лек Bromazepam е најпотрошуван анксиолитик во Подрачна служба Битола, а генеричкиот лек Alprazolam е најиздаван анксиолитик во Подрачна служба Кичево (Графикон 14).

Графикон 14. Просечна месечна потрошувачка на анксиолитици на АТЦ III ниво, по ДДД/1000 осигуреници/ден по Подрачни служби 01-06.2013



Во прилог на овој извештај даден е преглед за потрошувачката на сите лекови на рецепт според нивните генерички имиња со фармацевтска форма и јачина за кои Фондот има референтна цена, за првата половина од 2013 година.

Од изворите на податоци за потрошувачката на лекови од земјите во регионот и пошироко немаше достапни полугодишни податоци, па оттаму нема можност за споредба на потрошувачката на лекови на товар на ФЗОМ со потрошувачката на лекови во други земји на полугодишно ниво.

ЗАКЛУЧОЦИ

Снабдувањето на осигурениците со лекови на рецепт на товар на ФЗОМ во ПЗЗ во континуитет оди во нагорна линија почнувајќи од 2009/2010 година, а доказ за тоа е постојаното зголемување на бројот на реализирани рецепти во последните три години (2011-2013 година). Исто така, се забележува зголемување на вкупните износи потрошени за лекови на рецепт на товар на ФЗОМ кои бележат значаен пораст во последните три години (2011-2013 година).

Референтните цени на лековите и распределбата на финансиските лимити (квотите) на аптеките позитивно влијаат на потрошувачката на лековите на рецепт за ПЗЗ.

Забележителни се и разлики на потрошувачката на лекови по Подрачни служби на ФЗОМ. На потрошувачката влијаат пропишувачките навики, структурата на населението и други фактори.

Следењето и анализите на потрошувачката на лекови на рецепт на товар на ФЗОМ влијаат на рационалната употреба на лекови и обезбедуваат подобро рационално, ефикасно и наменско користење на расположивите ресурси на ФЗОМ.